**ЗАПИСНИК**
**од 22-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 24.04.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазар Трајчев (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Арбен Саити, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска и м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 22-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски во врска со присутноста на седницата од страна на членовите на Советот, информира дека на седницата нема да присуствува г-дин Трајчев кој по електронска пошта го известил дека ќе биде спречен да дојде поради тоа што се наоѓа на обука во странство.

Советот на Агенцијата едногласно со 6 гласа „за“ го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на предлог-записник од 21-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 13.04.2018 година.
2. Предлог-информација до органот надлежен за авторските права и сродните права, поради сомневање дека е сторена нивна повреда.
3. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка: Одржување на хигиената во деловните простории на Агенцијата.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно со 6 гласа „за" го усвои предложениот Записник од 21-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 13.04.2018 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ја образложи предложената информација до органот надлежен за авторските права и сродните права, поради сомневање дека е сторена нивна повреда. Објасни дека до Агенцијата пристигна пријава од граѓанин дека две компании кои што вршат разни домарски услуги, одржување на згради и нивна хигиена, на станарите им наплаќаат некаква чудна услуга како да се нотифицирани за реемитување на странски програмски сервиси. Но, бидејќи тие не се нотифицирани во АЕК, ниту пак од АААВМУ имаат добиено потврда за регистрација на одредени програмски пакети, се предлага да се достави Информација со која ќе се запознае надлежниот орган во овој случај МВР за ситуацијата и да преземе соодветни дејствија, односно да утврди за што станува збор бидејќи Агенцијата нема такви законски надлежности. Посочи дека целиот потребен материјал за точката е доставен до сите членови на Советот и доколку има прашања, на нив ќе одговори раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева.

Г-дин Петрушевски рече доколку се работеше за една куќа каде што живеат членови на едно семејство, некако и да се разбере, но овде има многу материјални докази, потпишан претседател на Совет каде што се нудат десетина канали, има фактури каде што се бара наплата за сателитска, на една од фактурите пишува антена, има различни цени, така што рече дека во секој случај е сомнително. Во таа насока рече Агенцијата и Советот за да не се ставаат во позиција на полиција, најдобро е овој случај како што стои во предлогот на материјалите да се пријави во МВР и доколку има сомнение ќе поведат судска постапка. Објасни дека е добро што Агенцијата брзо реагирала на претставката која е со скорашен датум од пред некоја недела и рече дека ќе го поддржи предлогот. Констатира дека можеби граѓаните се во право можеби не се, но должноста на Агенцијата е да го извести надлежниот орган МВР.

Г-дин Јанчески праша ако ова се случувало од поодамна, колку вакви случаи има во државава? Претпостави дека е можно да има и други вакви случаи.

Г-дин Трајчевски рече дека Агенцијата не може да знае за тоа, но доколку има треба да пријават. И сега доколку не беше испратена претставката немаше да се знае за овој случај, дека можеби некој „илегален оператор" врши реемитување на канали.

Г-дин Петрушевски рече дека порано во Агенцијата (претходно Совет за радиодифузија) во поголем обем се вршеа инспекции на терен и вакви случаи во помалите села каде што имало неколку стотини претплатници, ги лоцирале и на лице место им се одземаше дел од опремата и понатаму тоа одеше со сериозни судски процеси. Со инспекцискиот надзор во помали населени места со неколку стотина жители постоеле вакви случаи, но ефикасно ги наоѓале и се поведуваа судски постапки.

Г-дин Трајчевски додаде дека и тогаш кога се одеше во инспекциски надзор се постапуваше по пристигнати пријави од граѓани.

Г-дин Петрушевски се согласи дека секогаш имало некој што го пријавил случајот како и сега што се постапува по пријава и Агенцијата реагира одма.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева објасни дека во самата претставка физичкото лице поставува неколку прашања на кои што Стручната служба одговори веднаш. Појасни дека оваа Информација што сега оди на седница не е првиот преземен чекор од Агенцијата, туку по приемот на претставката на поставените прашања од страна на физичкото лице Секторот за стратешко планирање и авторски права одговори во рок од неколку дена. Но во меѓувреме се истражуваше, се оствarija состаноци со други институции со обид да се добие целосна слика за да не се постапи погрешно. Ова е вториот преземен чекор бидејќи е видно од документите што физичкото лице ги доставил до Агенцијата дека постои сомневање.

Г-дин Јанчески, предложи доколку Агенцијата ја има таа надлежност, да се објави некое соопштение во медиумите, со податоци кои субјекти се овластени за реемитување на програмски содржини.

Г-дин Петрушевски објасни дека на веб страницата на Агенцијата се наоѓа регистар на оператори на јавни електронски комуникациски мрежи. Појасни дека вакви случаи имало и претходно и Агенцијата и Советот ова го работат континуирано со години наназад и Агенцијата секогаш реагирала и реагира навремено, само треба да дознае.

Г-дин Фетаи рече дека е добро што Агенцијата по претставката реагирала и одговорила на прашањата и сега за тие што имале дилеми ситуацијата е чиста и едноставна. Право на реемитување на странски програми имаат кабелските оператори кои се регистрирани во Агенцијата, кои според Законот ги исполнуваат обврските и се под контрола за почитување на авторските права. Нема никакви дилеми за точката бидејќи го прочитал материјалот и забележа дека веројатно се работи за еден рецидив останат од бившата СФРЈ кога имаше заеднички антени и сл. Исто така рече дека во програмскиот пакет што се нуди, тие се декодирани скапи пакети и нема дилеми дека тие фирми навлегле во една дејност која со законот не е дозволена. Во таа насока смета дека е законска обврска на регулаторот и Советот да го заштитат пазарот. Исто така рече дека се согласува и со Информацијата која треба да се испрати во МВР. Забележа дека двете фирми со назив „Градски управител ДООЕЛ" и „Здружение на станари Стар Аеродром" се приватни компании, а земале име за да личат дека се јавни претпријатија и вршат јавни дејности, но во суштина се приватни правни лица и се занимаваат со приватен бизнис. Добро е што се реагираа навреме и праша дали Агенцијата одговара на анонимни барања?

Г-дин Трајчевски одговори дека секогаш се доставува одговор до сите пристигнати барања до Агенцијата.

Г-дин Фетаи рече дека е најважно тоа што Агенцијата и Советот во оваа насока ја извршуваат законската обврска. Рече дека е интересно она што го кажал г-дин Јанчески, во смисла дека со ова не само што регулаторот го почитува правното дејствување во државата околу почитување на авторските права туку и ги заштитува граѓаните од појавувањето на таквите „оператори" кои земаат одреден месечен надоместок од станарите. Можеби би било соодветно да се укаже до јавноста за појавување на такви нелегални оператори бидејќи се минијатурни кабелски оператори. На крајот рече дека ја поддржува Информацијата и добро е што ќе реагираат навреме и

ќе им излезат во пресрет на граѓаните и да го сопрат нелегалното функционирање на тие така наречени оператори.

Г-дин Фиданоски рече дека и тој ќе се приклучи на поддршката за да се испита оваа работа до крај како што треба. Лично има впечаток дека станува збор за дел од населбата Аеродром што е таканаречен „воени згради" и додатно уште некои други згради. Се сеќава дека во времето кога бил студент, тие уште тогаш користеле делови од сателитска опрема инсталирани во еден центар за сите тие неколку згради кои што ги користеле тогашните станари и така заработувале. Колку што успеал да види во материјалот поединечната цена е многу пониска од најниската цена на официјалните регистрирани кабелски оператори кај нас. Во секој случај се согласи дека таа работа треба да се испита од органот кој е задолжен за тоа и доколку има аномалија да се санкционира.

Советот на Агенцијата ја усвои предложената Информација и предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.03-5 од 20.04.2018 година и едногласно донесе заклучок да го информира Министерството за внатрешни работи на Република Македонија - Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал, дека постои сомневање за повреда на авторските права и сродните права од страна на правните лица „Градски управител ДООЕЛ" и „Здружение на станари Стар Аеродром".

Се задолжи Секторот за стратешко планирање и авторски права да го достави дописот до Министерството за внатрешни работи на Република Македонија - Центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал.

**Точка 3**

Помошник раководителката на Секторот за информатичка поддршка и општи работи Цветанка Митревска ја образложи предложената Одлука за потреба од јавна набавка: Одржување на хигиената во деловните простории на Агенцијата. Објасни дека станува збор за нужна набавка која се спроведува секоја година. Посочи дека сите детали кои се потребни за точката се доставени во материјалите за седницата, како што се техничката спецификација, Предлог-одлуката каде што има податоци за видот на постапката што ќе се примени и сл.

Г-дин Петрушевски праша дали набавката е за временски период од една година, дали ќе се плаќа паушал и дали работата е фиксна?

Помошник раководителката Цветанка Митревска одговори дека договорот ќе биде склучен за една година и плаќањето ќе биде на месечно ниво. Од техничката спецификација може да се види дека се наведени активности кои треба да се извршуваат секојдневно, на неделно ниво, потоа еднаш месечно, на три месеци и на четири месеци. Од тие причини плаќањето ќе биде на месечно ниво.

Г-дин Петрушевски рече дека предвидениот износ изнесува 400.000,00 денари на годишно ниво и се очекува на електронската аукција износот да се намали. Праша дали оваа набавка се однесува само за деловните просториите што ги поседува АААВМУ?

Помошник раководителката Цветанка Митревска одговори дека станува збор само за просториите на Агенцијата така што во спецификацијата е наведена и квадратурата за која што се донесува бараната услуга.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-1992/3 од 20.04.2018 година и едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка – услуга: Одржување на хигиената во деловните простории на Агенцијата.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот – услуга: Одржување на хигиената во деловните простории на Агенцијата е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2018 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.05-514/2 од 26.01.2018 година а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година.

**Точка 4**

Немаше точки под Разно.

- Г-дин Петрушевски информира дека следната седница се планира да се одржи следниот петок, 04.05.2018 и дека г-дин Ајдини уште сега најавил дека во тој термин нема да може да присуствува на седницата затоа што ќе биде отсутен од државата.

**Бр.**02-2075/4
04-05 **2018 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**